Јавно претпријатие за комунални дејности
ЈП.-ПЛАВАЈА- Радовиш

| Примено: 10.02.2025 | | | |
|---|---|---|---|
| Орг. един. | Број | Предлог | Вредност |
| 0201 | 140/2 | | |


Врз основа на член 36 од Законот за локална самоуправа (Сл.весник на РМ бр.5/2002) а согласно член 21 став 1 точка 29 од Статутот на општина Радовиш,

Советот на општина Радовиш на LXII седница одржана на 31.01.2025 година, донесе:

# ПРОГРАМА ЗА РАБОТА СО ФИНАНСОВ ПЛАН

# НА ЈПКД ПЛАВАЈА Радовиш

# за 2025 година.

**ОПШТ ДЕЛ - ВОВЕД**

**МИСИЈА**

ЈП „Плаваја“ Радовиш има мисија да обезбеди квалитетно, навремено и континуирано извршување на доделените комунални дејности, со целосно задоволување на потребите на граѓаните на општина Радовиш.

За да ја оствари својата мисија во целост, претпријатието, односно сите вработени се залагаат да:

- Постојано ги следат барањата, мислењата, потребите и желбите на корисниците на услугите.
- Навремено, економично, ефикасно и квалитетно се трудат да ги одстранат појавените дефекти на инсталациите и одговараат на барањата на корисниците на услугите се со цел постојано опслужување со потребните комунални услуги.
- Јавното претпријатије Плаваја инвестира во доусовршување на вработените за остварување на нивните работни задачи, а исто така и во нова технологија и опрема се со цел зголемување на квалитетот и континуитетот на услугите на корисниците и зголемување на економичноста и ефикасноста во работењето.

**СТРУКТУРА**

Со ЈП„Плаваја“ Радовиш управува Управен Одбор кој е избран од Советот на општина Радовиш.

Претпријатието го раководи Директор кој се избира на јавен оглас од страна на Градоначалникот на општина Радовиш.

Во претпријатието постојат следните сектори:

1. Сектор за општи, правни работи и човечки ресурси
2. Сектор за финансии, сметководство и комерција
3. Сектор за контрола на корисници
4. Сектор за инвестиции
5. Сектор за водовод и канализација
6. Сектор за комунална хигиена,паркови и зеленило и гробишта
7. Сектор за технички работи
8. Сектор за прочистување на урбани отпадни води

**ИСТОРИЈА**

ЈП „Плаваја“ Радовиш е формирана со Одлука на Советот на општина Радовиш во Февруари 2008 година со спојување на дотогашните јавни претпријатија ЈП„Прогрес“ Радовиш и ЈП„Плаваја“ с.Подареш. ЈП„Прогрес“ Радовиш било основано во 1965 година, а ЈП„Плаваја„ с.Подареш било основано во 1996 година.

Основна дејност на претпријатието е да извршува комунални услуги за потребите на граѓаните на општина Радовиш.

**ДЕЈНОСТИ НА ПРЕТПРИЈАТИЕТО**

**ВОДОВОД И КАНАЛИЗАЦИЈА**

- Редовно одржување на водоводниот и канализациониот систем
- Навремено отстранување на настанатите дефекти на водоснабдителниот и канализациониот систем
- Надградба и реконструкција на водоводниот и канализациониот систем

**КОМУНАЛНА ХИГИЕНА**

- Подигање на комуналниот отпад и негово транспортирање до депонија по претходно утврден распоред и динамика како и одржување и планирање на депонијата.
- Одржување на градската чистота според програмата за Јавна чистота донесена од Советот на општина Радовиш

**ПАРКОВИ И ЗЕЛЕНИЛО**

- Одржување на постоечките и изградба на нови зелени површини според програмата за Паркови и зеленило донесена од Советот на општина Радовиш

**ПОГРЕБАЛНИ УСЛУГИ**

- Одржување на гробиштата кои се доделени на ЈП„Плаваја“ Радовиш врз основ на донесена од Советот на општина Радовиш програма за одржување на гробиштата.

**ПРОЧИСТУВАЊЕ НА УРБАНИ ОТПАДНИ ВОДИ**

- Прочистување на фекалните урбани отпадни води во пречистителна станица и нивно испуштање во реципиентот Радовишка река
- Собирање и депонирање на мил која се појавува како остаток од процесот на пречистување на урбаните отпадни води
- Одржување на системот(опремата и процесот) за прочистување на отпадни води функционален.

**ПАРКИНГ  УСЛУГИ**

- Одржување на јавно прометни паркиралишта кои се доделени на ЈП„Плаваја“ Радовиш
- Вршење на организација на паркинг услуги.

➢ **<u>Планирани активности за 2025 година во секторот Водовод и Канализација</u>**

**Водоснабдување**

ЈПКД Плаваја Радовиш го снабдува со вода за пиење населението во градот Радовиш и населените места Раклиш, Ињево, Воиславци и Сулдурци преку поврзан хидраулички водоснабдителен систем. Покрај овој водоснабдителен систем,ЈП Плаваја го управува и водоснабдителниот систем на селата Јаргулица, Покрајчево и Злеово кој  имаат заеднички систем за водоснабдување, потоа Коџалија и Аликоч кој исто така имаат заеднички систем на

водоснабдување, селата Подареш, Ораовица и Калуѓерица кој имаат самостојни системи за водоснабдување.

**Извори на вода**

| Назив | Апстракција | Испорака |
|---|---|---|
| Зафат **Амбари** | 20 - 22 l /sec | гравитациска |
| Зафат **Градски водовод** | 22 - 24 l /sec | гравитациска |
| Зафат **Трска со станица за третман на вода** | 40 - 60 l /sec | гравитациска |
| Бунари **„Индустриски водовод“** | 110 l /sec | Пумпна |
| **Вкупен производен капацитет** | **82-216 l /sec** | комбинирано |

Со капацитет од 82 – 216 l/sec, првите три извори и дополнителните количини на вода кои се зафаќаат од бунарското поле „Индустриски водовод“ со вкупен капацитет од 110 l/sec во текот на летниот период, овој хидраулички систем има капацитет да произведе питка вода од минимум 418 литри/жител/ден (само гравитациски) до максимум 1102 литри/жител/ден (дополнително со пумпа) . Ова количина на питка вода е доволна за да се задоволи потребата на питка вода на корисниците на услугата.

Хидрауличките системи на другите населени места се снабдуваат со пумпни станици кои водата ја црпат од бунари. Така е во пумпните станици Подареш, Јаргулица, Ораовица и Калуѓерица - секој со капацитет од 10 до 15 l/sec. Најголемиот поврзан систем е пумпна станица Јаргулица кој ги напојува населените места Јаргулица, Покрајчево и Злеово со 1.630 жители према податоците од пописот во 2021 година, и има капацитет да произведе минимум 530 литри/жител/ден. Ова количина на питка вода е од доволна за да се задоволи потребата со питка вода од страна на корисниците во овие населени места.

**Вкупно производство на вода во ЈПКД ‘’Плаваја’’ Радовиш на годишно ниво:**

| Производство и снабдување | количина |
|---|---|
| Влез во системот од сопствено производство | 2.500,000-3.300,000 м$^3$/год. |
| Набавена сурова вода | 0 м$^3$/год. |
| **Вкупно произведена вода** | **2.500,000-3.300,000 м$^3$/год.** |

Комуналното претпријатие работи со мала филтер станица за пречистување на водата која се зафаќа од Радовишка Река, како и од зафатот Амбари и Трска. Станицата е пуштена во употреба во 2004 година и има работен просечен капацитет од околу 40-60 l/sec. Третманот се состои од четири линиски поставени песочни филтри. По филтрирањето, се врши дезинфекција со употреба на хлор и третираната вода се пренесува гравитациски во интерконекцискиот систем (градот и четирите населени места и тоа:Раклиш,Војславци,Сулдурци и Ињево).Водата од сите други зафати се хлорира на местото на влез.

Дистрибутивната мрежа има четири главни резервоари со капацитет од 3.300 m$^3$. Резервоарот ‘’Коџа Баир’’ со капацитет од 1200 m$^3$ и истиот е во добра состојба, а резервоарот ‘’Џам Баир’’ со капацитет од 600 m$^3$ е во состојба пред рехабилитација. Третиот резервоар

''Индустрија'' со капацитет од 900 m3 е во добра состојба, но моментално овој резервоар не се користи. Во 2020 година се пушти во употреба и новиот резервоар ''Куклевица'' со капацитет од 600 $m^3$ и со овој резервоар како и со новите потисни и дистрибутивни цевоводи значително се подобри водоснабдувањето во Радовиш.

Вкупната побарувачка на питка вода од страна на населенито на годишно ниво се движи од 1.000.000 $m^3$ -1.300.000 $m^3$ што ЈКП ќе успее да ја обезбеди во 2025 година.

**Одржување на водоводен систем**

Секторот Водовод и Канализација како дел од ЈПКД Плаваја-Радовиш се состои од:

- Одделение за Водовод
- Одделение за Канализација
- Одделение за Санитарна контрола

Одделенито за Водовод ќе ги интензивира своите активности во првата половина на 2025 година со цел да се подготви за летниот период кога има зголемена побарувачка на питка вода.

Планирани се следниве активностите :

- Рехабилитација на сите видливи дефекти во водоводната мрежа;
- Замена на поединечни елементи на опрема во дистрибутивниот систем;
- Замена на одредени водоводни линии на дистрибутивната мрежа кај кого се зачестени дефеците;
- Постојано следење на квалитетот на водата;
- Спроведување на планска потрошувачка на вода и рестрикција во одредени зони доколку биде потребно;
- Демонтажа и поправка или замена на неисправни водомери
- Приклучување на нови корисници на водоводната мрежа
- Низа на други обврски од доменот на нашата надлежност.

Секторот за Водовод и Канализација ке ги реализира своите активности во зависност од приоритетот и достапноста на финансиски седства.

Како што претходно беше споменато, во првата половина од годината ќе се спроведуваат активности со кој ке се подготови системот за работа во летните услови. За таа цел ке се изврши преглед на сите постројки, на мрежата и шахтите и ке се направат неопходни поправки и санација на местата каде ќе се детектираат недостатоци.

Во 2025 година планирани се следните работи:

- Рехабилитација на објекти за водоснабдување ;
- Рехабилитација на резервоар за питка вода ''Џам Баир''.
- Рехабилитација на резервоар за питка вода во село Подареш.
- Набавка,монтажа и пуштање во работа на фреквентни регулатори на вертикалните пумпи на "Индустрискиот водовод"
- Редовно годишно одржување и сервисирање на опремата од SKADA системот.
- Редовно годишно одржување и сервисирање на опремата за гасно хлорирање.

- Санација на проблематични водоводни линии
- Замена на водоводни линии и куќни приклучоци на улици кој ке бидат рехабилитирани од страна на општина Радовиш.
- Откривање и евиденција на диви приклучоци
- Замена на вентили и поставување на нови со што ке направиме реонизација при што ке се избегнат големи загуби на вода при настанување на дефекти на водоводните линии и исклучување на помали зони од напојниот систем при појава на дефекти или по планирани работни активности.
- Одржување на постоечки фонтани во централното подрачје каде има најголема фреквенција на движење.
- Замена на водомери со нови.
- Сервисирање и пуштање во работа на хлоринатори за вода на бунарски пумпи во населените места Ораовица, Подареш, Јаргулица и Калугерица.
- Ракување со пумпните агрегати како и следење на нивната експлоатација
- Следење на нивото на водата во резервоарите.
- 24 часовно контролирање и евидентирање на резидуалниот хлор во водата.
- Хиперхлорирање на резервоарите согласно обврската од ХАСАП системот (втора половина од месец Јуни)
- Спроведување на акции: Пломбирање на броила, проверка на корисници со месечна потрошувачка на вода 0(нула) $м^3$ , контола на корисници со мала просечна потрошувачка на вода 1 до 5 $м^3$, контрола на корисници со голема потрошувачка над 30 $м^3$, делење на едукативен материјал заштедење на водата, елиминација на нефункционален водомер.
- Дезинфекција, дезинсекција и дератизација на сите водоснабдителни објекти
- Работи кој ке бидат извршени врз основ на програмата за уредување на градежно земјиште донесена од советот на општина Радовиш за 2025 година.

Со посточкиот SCADA систем се овозможува севкупен мониторинг на водоводниот систем, но се јавува потреба да се инвестира во нејзино одржување и замена на дотраените делови за да ја врши работата за која е наменета. За таа цел се планира сервисирање и тековно одржување на постоечките мерно регулациони места.

**Одржување на канализација**

Задачата на одделенито за канализација е да го одржува канализациониот систем за собирање и одведување на отпадните и атмосферски води.

Одделението канализација своите работни задачи и обврски ќе ги извршува согласно пријавените потреби на терен во склад со своите надлежности. Покрај редовните работни задачи и обврски ќе извршуваат и работни задачи за претпријатието кога за истите ке појави потреба.

Во текот на годината одделението за канализација треба да обезбеди постојана функционалност на канализациониот систем. За таа цел, тие ќе вршат работи на:

- Контроли за функционирање на канализациониот систем со придружни објекти

- Секојдневна проверка и чистење на канализационата мрежа ,колектори и шахти
- Замена на делови и опрема на канализациони објекти кои недостасуваат;
- Чистење на канализационата мрежа со посебно возило и опрема;
- Чистење на шахтите од тињата со утовар во камионот и одвезување на место за таа намена.
- Чистење на улични сливници од нанос на материјал со утовар и транспорт на материјалот на место за таа намена.
- Замена на скршените решетки на сливниците
- Санација на оштетените делови од канализацијата
- Откривање и евиденција на диви приклучоци
- Санација на канализациони шахти
- Сите останати мерки за подобро функционирање и унапредување на постоечкиот канализационен систем.
- Замена на оштетени канализациони линии
- Изведба на нови канализациони приклучоци на физички и правни лица.
- Работи кој ке бидат извршени врз основ на програмата за уредување на градежно земјиште донесена од советот на општина Радовиш за 2024 година.

**Анализа и контрола на квалитетот на водата**

Одделенито за санитарна контрола ќе се грижи за исправноста на водата за пиење т.е. нејзиниот квалитет ќе се контролира постојано со бактериолошка, физичко-хемиска , радиолошка и биолошка анализа.

Бактериолошкиот преглед се врши во зависност од бројот на жители т.е.корисници на вода од јавниот водовод еквивалентни жители(ЕЖ),еден примерок месочно до 5000 Е.Ж т.е.по четири примероци секој месец.

Хемискиот преглед на водата ги содржи следните параметри: матност, вкус, ПХ-вредност, нитрати, амоњак, хлориди, железо, манган и водоспроводливост.

Во акредитирана лабораторија за испитување на храна и пијалоци ќе се прават редовните анализи на примероци од вода од одредени мерни места.

Двапати годишно ќе се земат примероци од сирова вода од зафатите и ќе се испитува физичко-хемискиот состав како и количината на радиоктивни материјали во Институтот за Јавно Здравје -Скопје .

## ➢ Планирани активности за 2025 година во секторот за комунална хигиена

Секторот комунална хигиена ги обавува следните активности:

1. Собирање, селектирање, транспортирање и депонирање на комунален отпад
2. Чистење на улици, тротоари и други јавни површини
3. Одржување на паркови и зеленило на јавни површини
4. Одржување на гробишта
5. Одржување на хигиена на пазари (градски пазар и сточен пазар)
6. Одржување на депонија
7. Чистење на диви депонии

Покрај редовните планирани активности кој ги обавуваат вработените во Секторот за комунална хигиена, истите работат и по програми кој се усвоени од советот на општина Радовиш и Градоначалникот на општина Радовиш.

Планираните активности се следните:

### 1. Собирање, селектирање, транспортирање и депонирање на комунален отпад

Средината во која што човекот живее, работи, се движи, треба да биде чиста и хигиенско-санитарна.Оваа се однесува во и околу домот, во и околу работните простории,парковите и други јавно прометни површини.

Комуналниот отпад кој се создава од домаќинствата и од дворно место, треба да биде навремено одстранет и транспортиран до соодветна депонија на општина Радовиш.

Во зависност од стандардот на населението треба да се обезбеди соодветна и квалитетна услуга за селектирање и собирање на сметот од домовите и работните простории.

Локалната самоуправа, Градоначалникот на општина Радовиш и ЈКП Плаваја Радовиш треба да организираат селектирање, собирање, транспортирање и депонирање на комуналниот отпадо  како што се врши во повеке европски држави.

Со Законот за управување со отпад и со Одлуката за комунален ред се регулираат правата и обврските на корисниците како и правата и должностите на давателот на услугите т.е. ЈКП Плаваја Радовиш.

Тоа зборува дека селектирањето, собирањето и депонирањето на отпадот се организира во рамките на законската регулатива односно врз основа на Одлуката за комунален ред и мерките за нејзино спроведување, па врз основа на овие одлуки непречено ке се одстранува отпадот кој дирекно влијае на животната средина, на поквалитетно чистење на просториите каде човекот живее, работи, се релаксира или се движи по јавно прометните површини.

### ЦЕЛ И ЗАДАЧИ НА ПРОГРАМАТА ЗА СЕЛЕКТИРАЊЕ, СОБИРАЊЕ, ТРАНСПОРТ И ДЕПОНИРАЊЕ НА КОМУНАЛНИОТ И ИНДУСТРИСКИОТ НЕОПАСЕН ОТПАД ОД ЦЕЛАТА ТЕРИТОРИЈА НА ОПШТИНА РАДОВИШ ЗА 2025 ГОДИНА

Оаа програма има за цел со нејзиното реализирање да се овозможи целосно селектирање, собирање, транспортирање и депонирање на комуналниот и индустриски неопасен отпад од целата територија на општина Радовиш, и истото да биде навремено, поекономично и поквалитетно извршено. Со оваа програма се прикажуваат планираните работи и работните

задачи по реони и временски интервали, како и временската динамика на извршување, а целото тоа во склад со Одлуката за комунален ред.

**ОРГАНИЗАЦИЈА НА РАБОТЕЊЕТО ЗА 2025 ГОДИНА**

Динамиката на изнесување на сметот содржан во соодветни садови, се врши согласно овој план, заради обезбедување на организиран пристап во селектирањето, собирањето, транспотирањето и депонирањето до соодветната депонија или собирни пунктови на комуналниот и индустриски неопасен отпад, како и обезбедување на целосна контрола врз работата во извршувањето на задачите по квалитет и одредената динамика според планот на активности.

Во овој документ се опфатени дневни задачи кој по обем ги определуваат границите на еден реон. Реонот е основна организациона и оперативна единица во која се карактеризирани обемот, динамиката и времето на дејствување.

Во планот за собирање, транспортирање и депонирање на отпадот на подрачјето на општина Радовиш направен е во 4 (четири) реони и посебен план за правните субјекти и државните и општински институции.

Собирање, транспортирање и депонирање на отпадот ќе се врши во согласност со Одлуката за комунален ред еднаш неделно, а по потреба и двапати и повеке пати на позиции каде ке се утврди дека има потреба особено во централното градско подрачје и поголемите населени места.

За да се исполни оваа програма во однос на потребни возила во следната табела прикажано е со колкав број на возила располага ЈКП „Плаваја“ Радовиш и потребата од нови возила во периодот од 2025 година за непречено да се изврши оваа програма.

| **Р.бр.** | **Опис на возилото** | **Постоечки возила** | **Потребни возила** |
|---|---|---|---|
| 1. | Смекарка за контејнери 1,1m3 | 2 | 4 |
| 2. | Трактори | 2 | 4 |
| 3. | Градежна машина на депонија булдожер | 0 | 1 |
| 4. | Цистерна за вода | 1 | 2 |
| 5. | | | |
| | **Вкупно** | **4** | **11** |

За да се врши селектирање на комуналниот отпад во следната табела прикажано е со колкав број на канти и контењери располага ЈКП „Плаваја“ Радовиш и потребата од набавка на нови канти и контењери во периодот од 2025 година..

| Р.бр. | **Опис на садови за собирање на смет** | **Постоечки бр. На садови** | **Потребен бр. На садови** |
|---|---|---|---|
| 1. | **контејнери од 1,1m3** | **321** | **450** |
| 2. | **Канти за селекција на отпад од 120 л** | **0** | **2000** |

**НЕДЕЛЕН РАСПОРЕД ЗА ПОДИГАЊЕ НА СМЕТ**

За **реон** број **1**-Возило специјален камион со 3 работника

**ПОНЕДЕЛНИК И ПЕТОК**

1. "Св.Спасо Радовишки" од хотел ПАНОРАМА до Паркот на Младите
2. Ул. Илинденска од Плоштад св.Спасо Радовишки до спој со ул. 8ми Септември
3. ул. 22 Октомври од Плоштад св.Спасо Радовишки до кружен тек во спој со ул. Партизанска
4. Ул.Партизанска од ул.Св.Спасо радовишки до ул. 8 ми Септември
5. ул. Плоштад Слобода и Градско пазариште
6. Десна страна од Ќеј 8-ми Септември
7. Сите згради на улица Самоилова и Булевар Александар Македонски
8.Сите контејнери од лева и десна страна на градот.
9.Генерално перење на возилото.

**ВТОРНИК**

1 . Рудник Бучим
2. Детонит
3. Трафостаница МЕПСО
4. Рудник Боров Дол
5. Село Бучим
6.Село Дамјан и населба Дамјан
7.Село Тополница
8.Село Ињево
9.Генерално перење на возилото

**ВТОРНИК И ЧЕТВРТОК**

1. Целиот Индустриски реон
2.Ул. Самоилова
3. Ул.Ленинова
4.Ул. 1-ви Мај
5. Ул.22 Октомври од кружен тек во спој со ул.Партизанска до Булевар Александар Македонски
6.Генерално перење на возилото

**ПЕТОК**

1 . Рудник Бучим
2. Детонит
3. Трафостаница МЕПСО
4. Рудник Боров Дол
5. Село Бучим
6.Село Дамјан и населба Дамјан
7.Село Тополница
8.Село Ињево
9.Генерално перење на возилото

**САБОТА**

1. Ул.Св.Спасо Радовишки од Хотел Панорама до Парк на млади

2. Ул.22 Октомври од Ул.Партизанска до Плоштад св.Спасо Радовишки
3. Ул.Илинденска од Плоштад св.Спасо Радовишки до спој со ул. 8 Ми Септември
4. Ул.Пере Тошев
5. Ул.Партизанска
6.Ул. Ацо Караманов
8. Ул.Благој Туфанов
9. УЛ.Самоилова
10. Ул.22 ри Октомври
11. Ул. Плоштад Слобода и Гратски Пазар
12. контејнери по Кеј 8 ми Септември
13. Булевар Александар Македонски
14.Генерално перење на возилото

**НЕДЕЛЕН РАСПОРЕД ЗА ПОДИГАЊЕ НА СМЕТ**

За **реон** број **2**-камион со 3 работника

**ПОНЕДЕЛНИК**

1.Ул:Кеј 8-ми Септември лева страна од ул:М.Апостолски до ул.Илинденска
2.Ул:Дане Трајков
3.Ул:Таско Андонов
4.Ул.Михајло Апостолски
5.Ул.Плачковички Одреди
6.Ул:Славчо Стојменов
7.Ул:Плачковица од почетокот до ул:Илинденска
8.Ул:11-ти Октомври
9.Ул:Обрад Цицмил
10.Ул:Илинденска од ул.Плачковица до ул 8 Ми Септември
11.Ул:Васил Дуганџиски
12. Сите контејнери од лева страна на градот
13.Генерално перење на возилото

**ВТОРНИК**

1.Ул:Кеј 8-ми Септември од спорска сала до ул:Илинденска
2.Ул:Плачковица од ул:Илинденска до ул:Партизанска
3.Ул:Шаин Маало
4.Ул:Калаузлиска
5.Ул:Партизанска од ул. 8 ми Септември до ул:Плачковица
6.Комплекс Д Клуб
7.ОУ К.П.Мисирков
8.ОУ Никола карев
9.Сите контејнери од лева страна на градот
10. Селата Ораовица,Подареш,Јаргулица,Покрајчево,Злеово,Калугерица,Сулдурци и Којславци.
11.Генерално перење на возилото

**СРЕДА**

1.Ул:И.Алексов од почетокот до Бул.Александар Македонски
2. Бул.Александар Македонски од И.Алексов до ул:Горче Петров
3.Ул:Вардарска до Бул.Александар Македонски

4.Ул:Мето Хаџивасилев
5.Ул:Плачковица од ул:Партизанска до Бул.Александар Македонски
6.Ул:Браќа Миладинови до ул:Горче Петров
7.Ул:Горче Петров до Бул.Александар Македонски
8.Ул:Кирил и Методиј до ул: Горче Петров
9.Сите контејнери од лева и десна страна на градот
10.Генерално перење на возилото

**ЧЕТВРТОК**

1.Ул:Горче Петров од Бул.Александар Македонски до ул:Плачковица
2.Ул:4-ти Јули
3.Ул:Вардарска од 4-ти Јули до Бул.Александар Македонски
4.Ул:Плачковица од Бул.Александар Македонски до ул:Плана
5.Ул:Плана
6.Ул:Вапцарова
7.Ул:Вапцарова од 4-ти Јули до ул:Плана
8.Генерално перење на возилото

**САБОТА**

1.Ул:Илија Алексов од Бул.Александар Македонски до река Марлада
2.Ул:Драмска
3.Ул:Питу Гули
4.Ул:Панче Пешев
5.Ул:Герас Цунев од ул: Егејска до крај
6.Ул:Ѓорче Петров од ул:Плачковица до крај
7.Дел од улица Благој Мучето
8.Ул: В.С.Бато дел
9.Ресторант Шампион
10.ОУ Никола Карев и ОУ Крсте П. Мисирков
11.Гимназија Коста Сусинов
12.Црква Св.Тројца
13.Сите контејнери од лева и десна страна на градот
14.Селата Ораовица, Подареш, Јаргулица, Покрајчево, Злеово, Калугерица, Сулдурци и Војславци.
15.Генерално перење на возилото

**НЕДЕЛЕН РАСПОРЕД ЗА ПОДИГАЊЕ НА СМЕТ**

За **реон** број **3**- Возило трактор со 2 работника

**ПОНЕДЕЛНИК**

1.Ул.Чеде Филиповски Даме
2.Сокак на Ул. Н.Н. Борче
3.Сокак на ул:Ленинова
4.Ул.Марксова
5.Ул.Дојранска
6.Ул.Даме Груев
7.Ул.Јане Сандански
8.Ул.6-ти Ноември
9.Сокак помеѓу Ул.Плоштад Слобода и Ул. Партизанска

10.Ул.Ѓорги Сугарев
11.Ул.Јавор
12.Генерално перење на возилото

**ВТОРНИК**

1.Ул.Готен
2.Ул.Мирче Ацев
3.Сите сокаци помеѓу Ул.Мирче Ацев и ул.Партизанска
4.Ул.Серта
5.Ул.Партизанска-електродистрибуција
6.Генерално перење на возилото

**СРЕДА**

1.Ул.Шаин маало
2.Ул.Корчо маало дел
3.Бараките под полигонот(корчо маало)
4.Сокаците на Кеј 8-ми Септември лева страна од Римскиот мост до крај
5.Ул.Обрад Цицмил сокак
6.Сокак на Ул.Таско Андонов
7.Сокак на ул.Дане Трајков
8.Сокак на ул.Плачковица
9.Сокак на ул.Плачковички одреди
10.Генерално перење на возилото

**ЧЕТВРТОК**

1.Ул.Плачковица(Габрешко мааало)
2.Сокак на ул.Плачковица
3.Ул.Плачковица дел
4.Ул.Коџа Баир под резервоарот за вода
5.Ул: Коџа Баир над турските гробишта
6.Генерално перење на возилото

**ПЕТОК**

1.Сокаците и високите делови на ул.Бел Камен и Ул.Ана Поцкова
2.У.:Шаин Маале над џамијата
3.Генерално перење на возилото

**НЕДЕЛЕН РАСПОРЕД ЗА ПОДИГАЊЕ НА СМЕТ**

За **реон** број **4**-Возило трактор со 2 работника

**ПОНЕДЕЛНИК**

1.Ул.Гоце Делчев
2.Ул.Исаро
3.Ул.Бел Камен
4.Сокак на Ул:8-ми Септември
5. Ул:15-ти Корпус
6.Генерално перење на возилото

**ВТОРНИК**

1.Ул.Стојмен Трајков
2.Ул.Лисец со сокаците
3.Ул.Ана Поцкова
4.Село Раклиш
5.Генерално перење на возилото

**СРЕДА**

1.Ул:Шаин Маало
2.Дел од ул.Стив Наумов
3.Ул. М.М. Брицо
4.Сокак на ул.Партизанска
5.Сокак на ул. Илија Алексов
6.Ул.Страшо Пинџур
7.Ул.Пиринска
8.Генерално перење на возилото

**ЧЕТВРТОК**

1.Ул.Герас Цунев до ул.Питу Гули со сокакот
2.Ул.Егејска со сокакот
3.Ул.Чазманска
4.Ул.Видое Подгорец
5.Дел од ул.Вардарска (крајот на улицата)
6.Сокаците на дел од ул.Вардарска
7.Дел од ул.Кирил и Методиј, В.С.Бато до ул.Браќа Миладиновци
8.Ул. Браќа Миладиновци
9.Генерално перење на возилото

**ПЕТОК**

1.Ул:1-ви Мај
2.Дел од ул.Коста Сусинов
3.Ул.15-ти Корпус
4.Сокак на ул:Плачковица
5.Сокак на Калаузлиска
6.Дел од ул.Корчо Маало
7.Генерално перење на возилото

**ПРЕГЛЕД НА НЕПОСРЕДНИ ИЗВРШИТЕЛИ**

| Р.бр | **Опис на работни места** | **Потребен број на извршители** | **Пополнет број на извршители** |
|---|---|---|---|
| 1. | Раководител на Сектор | 1 | 0 |
| 2. | Работоводител | 1 | 1 |
| 3. | Возачи на специјални возила | 4 | 4 |
| 4. | Возачи на трактори | 3 | 2 |
| 5. | КВ и ПКВ работници | 15 | 10 |

| | | | |
|---|---|---|---|
| 6. | Стражари на депонија | 4 | 1 |
| 7. | АОП | 2 | 2 |
| 8. | Инкасатори | 4 | 4 |
| 9. | Административци | 6 | 6 |
| | **Вкупно** | **40** | **32** |

**ПРЕГЛЕД НА РАБОТНА РАКА ВО МЕХАНИЧКА РАБОТИЛНИЦА ЗА ОДРЖУВАЊЕ НА ВОЗИЛАТА**

| Р.бр. | **Опис на работни места** | **Потребен број на извршители** | **Пополнет број на извршители** |
|---|---|---|---|
| 1. | Раководител | 1 | 1 |
| 2. | Механичар | 2 | 0 |
| 3. | Бравар | 1 | 0 |
| 4. | Електричар | 1 | 1 |
| | **Вкупно** | **5** | **2** |

**ПОТРЕБНИ ИНВИСТИЦИОНИ ВЛОЖУВАЊА ВО 2024 ГОДИНА**

| Р.бр. | **Опис на возила** | **Количина** | **Потребна инвестиција** |
|---|---|---|---|
| 1. | Смекарка за садови од 1,1 m3 | 2 | 16.000 000 ден. |
| 2. | Трактори | 2 | 1.600 000 ден. |
| 3. | Цистерна за вода | 1 | 10.000.000 ден. |
| | **Вкупно** | **5** | **27.600.000 ден.** |

**ПЛАНИРАНА ВКУПНАТА КОЛИЧИНА ВО $m^3$ НА СМЕТ СОБРАНИ ТРАНСПОРТИРАНИ И ДЕПОНИРАНИ ВО 2025 ГОДИНА**

| **Месеци** | **Отпад $м^3$ - месеци** | **Отпад $м^3$-дневно** |
|---|---|---|
| Јануари | 2094 $м^3$/месец | 67,55 $м^3$/ден |
| Февруари | 1903 $м^3$/месец | 65,62 $м^3$/ден |
| Март | 2076 $м^3$/месец | 66,97 $м^3$/ден |
| Април | 1942 $м^3$/месец | 64,73 $м^3$/ден |
| Мај | 2166 $м^3$/месец | 69,87 $м^3$/ден |
| Јуни | 1930 $м^3$/месец | 64,33 $м^3$/ден |
| Јули | 2104 $м^3$/месец | 67,87 $м^3$/ден |
| Август | 2057 $м^3$/месец | 66,35 $м^3$/ден |
| Септември | 1977 $м^3$/месец | 65,90 $м^3$/ден |
| Октомври | 2402 $м^3$/месец | 77,48 $м^3$/ден |
| Ноември | 2065 $м^3$/месец | 68,83 $м^3$/ден |
| Декември | 2065 $м^3$/месец | 66,61 $м^3$/ден |
| **Вкупно за 2025 година** | **24.781м3/година** | |

Вкупниот комунален отпад во Општина Радовиш за 2025 година се планира да изнесува 24.781 $m^3$ односно 9.912,4 t/годишно.

ЈП „Плаваја “ Радовиш планира да изгради собирни места со контејнери на планината Плачковица кој ке бидат соодветно направени и одбележани каде граѓаните кои ја посетуваат планината ќе можат да го одложат коминалниот одпад .

Оваа инвестиција се планирана да изнесува некаде околу 1.200 000,00 денари

ЈП Плаваја има организирано и селекција на отпад од стакло за кој што има склучено договор со ПАКОМАК Скопје, а во периодот што доага планираме бројот на собирни места за собирање на отпад од стакло да го зголемиме.

За селекција на електронски и електричен отпад кој што се собира и се депонира во специјален бокс за електричен и електронски отпад сместен во стопанскиот круг на ЈП Плаваја и така собераниот електричен и електронски отпад се предава на фирмата ЕЛКОЛЕКТ Скопје со која што општина Радовиш и ЈП Плаваја имат склучено договор.Во 2023 година од страна на општина Радовиш и ЈП Плаваја беше склучен договор со постапувач на електричен и електронски отпад ЕКОЕЛЕКТРОН кој во моментот имат поставено 4(четири) собирни места во централното подрачје во Радовиш , овој тренд на поставување на дополнителен број на специјални садови за собирање на електричен и електронски отпад ке продолжи и во 2025 година.Во врска со селекцијата на отпад ЈП Плаваја во 2023 година изврши обележување на дел од поставените садови за собирање на отпад од хартија и пластика , а исто така се планира да се набави и дополнителни контејнери за селектиран отпад за пластика и хартија.

Покрај редовните тековни активности на собирање на смет, во 2025 година се планира да се изврши и чистење на повеќе диви депонии како на територијата на град Радовиш така и на територијата на населените места каде што се извршува организирано собирање на комунален отпад.

2. **Чистење на улици, тротоари и други јавни површини на општина Радовиш за 2025 година**

Програмата за одржување на јавна чистота на подрачјето на општина Радовиш за 2025 год. ги дефинира обемот, динамиката, начинот на вршење на потребните активности, потребниот број вработени и начинот на нивно финансирање. Одржување на јавна чистота подразбира чистење ( метење и миење ) на јавните сообраќајни површини и е во зависност од :

- Густината на населението
- Фрекфенција на луѓе и моторни возила
- Степен на нечистотија
- Степен на пречки ( паркирани возила, објекти и друго )
- Инфрастуктурните сообраќајни услови
- Делување на градежната оператива, која со своите возила се јавува како еден од најголемите загадувачи на јавните сообраќајни површини.

**Одржување на јавна чистота**

Одржувањето на јавната чистота ќе се состои од:

- Рачно метење и машинско метење и миење на улиците, булеварите, како и сите други јавни површини и отворени простори и јавни објекти наведени со законот за јавна чистота.
- Празнење на уличните корпи за отпад кои се поставени во поширокото централно градско подрачје.
- 
- Одржување на јавни површини во зимски услови .

- Расчистување на диви депонии.
- Отстранување на атмосферски наноси.

Периодот на одржување е поделен на летен период од 01.04 до 31.10 со времетраење од 7 месеци и зимски период од 01.11 до 31.03 со време од 5 месеци .

Динамиката на чистењето ќе биде организирана според донесената програма за јавна чистота од страна на советот на општина Радовиш за 2025 година.

**Миење на улиците**

За перење на улиците во општина радовиш на претпријатието му е потребна нова авто цистерна со капацитет од 6 $м^3$ за перење и дезинфекција на коловозите со што многу ќе се подобри чистотата на улиците особено во летниот период.Перењето на улиците ке биде спроведено според донесената програма од советот на општина Радовиш за 2025 година.

**Повремени работи**

Повремените работни активности се извршуваат по налог на ЕЛС за вонредно чистење на одредени улици поради верски празници, јавни манифестации и други настани кои не се составен дел од програмата за јавна чистота.

**Одвоз на сметот при метењето**

За одвозот на сметот од улиците по оваа основа што се опфатени со програмата за одржување на јавна чистота ќе се користат специјалните комунални возила (ѓубрарки и трактори) кои исто така се користат редовно за истовар на смет од домаќинствата. Во работни денови за потребите на јавна чистота и по пријава на совесни граѓани за фрлање на кабаст отпад се интервенира со трактор со приколица со еден или два работника.

**Одржување и управување со јавни тоалети**

Како новитет во 2025 година е услугата на одржување и управување со јавни тоалети поставени на две локации во Радовиш и тоа на паркинг кај здравен дом Радовиш и дворот од поранешен електротехнички факултет. Потребните ресурси, средства и ангажирани лица ќе бидат дефинирани во програмата за јавна чистота донесена од страна на советот на општина Радовиш за 2025 година.

**Зимско одржување на улиците и тротоарите**

Подрачјето на општина Радовиш е под влијание на изменета континентална клима со влијание на медитеранска клима, што овозможува релативни благи зими и со мали врнежи од снег, а сето тоа трае два месеци во годината.

Согласно одлуката за Јавна чистота во општина Радовиш донесена од страна на Советот на општина Радовиш, правните и физичките лица се должни да го исчистат снегот и мразот од тротоарите.

Контролата на реализацијата на овие должности ќе го врши комуналната инспекција при локалната самоуправа.

Во случај на поголеми врнежи од снег одржувањето на улиците и тротоарите ЈП Плаваја и локалната самоуправа го регулираат со посебен договор.

Превентивни мерки на заштита

Со цел да се намалат опасностите од евентуални незгоди во зимскиот период ЈП Плаваја ги превзема сладните превентивни мерки и заштита:

- Потребна работна сила и механизација за расчистување на тротоарите и улиците
- Ја утврдува потребната количина на сол и песок за посипување
- Го утврдува начинот на ангажирањето на работната сила и активирањето на механизацијата
- Го утврдува приоритетот на чистење на улиците во заедничка соработка со МВР и ЕЛС.

I . Времетраење и степен на приправност

Времетраењето на приправноста е од 15.11.2024 до 01.03.2025 год.

Во овој период ќе бидат дежурни :

1. Двајца возачи на трактор .
2. Двајца општи работници.
3. Двајца возачи на универзална машина скип.

Продолжувањето на времетраењето на приправноста ќе се врши по потреба во зависност од временските услови, а сето тоа усогласено со надлежните служби при ЕЛС и МВР.

II. Преглед на улици и места за интервенција по приоритет

1. Ул.Булевар Александар Македонски се до преминот со улица Ѓорче Петров.
2. Ул.8 ми Септември
3. Ул. 22 Октомври
4. Ул. Св Спасо Радовишки
5. Ул. Коста Сусинов
6. Ул. 15ти Корпус
7. Ул. Чедо Филиповски Даме
8. Ул. Самуилова

9. Влезовите пред следните институции:
   - Детски градинки
   - Здравен дом
   - Основен суд
   - Управа на ЕЛС
   - Стопанска Банка
   - Пристап до МВР
10. Сите угорници што ги има град Радовиш

III. Планирано ангажирање на работна рака и механизација

Планирана механизација:

- Универзална машина Скип 2 броја.
- Мерцедес кипер 1 број.
- Трактор за машинско растурање на сол со плуг 1 број.
- Трактор за машинско растурање на сол 1 број.

Чистењето на тротоарите од снег ќе го вршат работниците кои работат на програмата за одржување на јавната чистота и одржувањето на зеленилото.

Списоците на возачи и работници се изготвени од страна на Стручните служби во ЈП Плаваја и се доставуват до ЕЛС по укажана потреба.

IV. Планирани количини на сол и ризла

Според досегашни искуства потребна количина на сол за расфрлање во една сезона е околу 20 тона, а сепариран песок ризла (гранулат 2˝) е околу 30 м³

Финансиска конструкција на оперативниот план

Финансирањето на извршувањето на работите од овој оперативен план ќе се регулира со посебен договор помеѓу ЈП Плаваја и Градоначалникот на општина Радовиш.

Следењето и контролата на извршувањето на работите ќе го вршат службите при ЕЛС Радовиш, а фактурирањето ќе биде по ценовник кој ќе биде предмет на договор.

Реалната вредност на програмата ќе се дефинира по завршувањето на зимската сезона согласно потрошените материјали и обемот на ангажираната работна сила и механизација.

**3. Одржување и користење на паркови и други јавни површини во општина Радовиш за 2025 год.**

Согласно на Законот за урбано зеленило Сл.весник 11/2018 како и согласно Правилникот за планирање, проектирање, подигање и одржување на зеленилото Сл.весник 205/2019 а со цел

квалитетно и стручно одржување на градското зеленило и цветните површини, оделението Паркови и Зеленило при ЈП Плаваја Радовиш изготви Предлог годишна програма за подигање,обновување и користење на зеленилото за 2025 година на подрачјето на општина Радовиш.

Со оваа годишна оперативна програма за подигање и одржување на зеленилото се дефинираат следните податоци:

**1.** Површини под јавно зеленило, според намената ,функцијата и степенот на одржување утврден од страна на Јавното претпријатие за управување со зеленилото или правното лице регистрирано за таа намена ;

**2.** Преглед за потребите за одржување и тоа :

1) Одржување на зелени површини : Рачно косење, гребулање на трева пред машинско косење, машинско косење, собирање трева, чистење и изнесување на зелен отпад (лист, искосена трева, искастрени гранки итн.) полевање на зелени површини;
2) Одржување на дрвенасти и грмушасти растенија: окопување дрвја, грмушки и жива ограда, кроење на грмушки, дрвја во дрвореди и жива ограда, фито заштита и полевање на дрвореди и зелени површини со цистерна како и одвоз на отпад со трактор;
3) Одржување на цвеќе: одржување на жардињери, одржување на цветни површини: плевење, прашење, садење и расадување окопување и прашење, како и производство на цветни расади;
4) Потребен број на извршители и опремување со ХТЗ опрема, алати и материјали како и финансиски средства согласно интензитетот и видот на одржување за секоја јавна зелена површина.

**3.** Подигање на зеленило, коешто опфаќа реконструкција на старото и оштетено зеленило, како и подигнување и озеленување на нови површини при изградба на комунални инфраструктурни објекти.

Врз основа на планираните дејствија во врска со одржување и подигање на зелени површини на територијата на општина Радовиш, ЈП Плаваја преку одделението за заленило ке работи по програма за одржување и подигање на зелени површини кој се донесена од страна на советот на општина Радовиш за 2025 година.

Финансирањето на извршувањето на работите од програмата за одржување и обновување на паркови и други јавни површини ќе се регулира со посебен договор помеѓу ЈП Плаваја и Градоначалникот на општина Радовиш.

Следењето и контролата на извршувањето на работите ќе го вршат службите при ЕЛС Радовиш, а фактурирањето ќе биде по ценовник кој ќе биде предмет на договор.

**4. Управување и одржување на градските гробишта во општина Радовиш и населените места Раклиш, Ораовица и Покрајчево и Јаргулица за 2024 година.**

Јавното претпријатие за комунални дејности Плаваја Радовиш како носител на целокупните комунални дејности на територијата на општина Радовиш преку одделението за Гробишта врши

дејности во оваа област и тоа во градот Радовиш и во населените места Раклиш, Ораовица, Јаргулица и Покрајчево.

Со оваа програма се утврдува видот, физичкиот обем и вредностите на работите кои ќе се извршуваат на потребното ниво и општо одржување и одржување на гробиштата во овие населени места со кои стопанисува ЈП Плаваја Радовиш.

Одржувањето на гробиштата посебно во градот Радовиш претставува голем проблем поради недооформената комунална инфраструктура со што е отежнато спроведувањето на закопите и посетата на граѓаните на нивните гробни парцели.

Поради исполнување на капацитетите за формирање на нови гробни места на градската гробишта во Радовиш, потребно е 2025 година да се најде решение кое ќе биде подолгорочно со проширување на постоечките локации со нови гробни парцели.

ЈП Плаваја Радовиш преку одделението за Гробишта за успешно извршување на планираните работи во 2025 година ги предвидува следните активности:

1. Одржување и чистење на гробиштата, косење и кастрење, собирање и транспорт на комунален отпад
2. Парцелизирање на гробни јами, оградовање, градење на потпорни зидови и бетонирање на патеки
3. Административни работи

Сите подетални активности за работа, како и планираните приходи и расходи се дефинирани во програмата за гробишта за 2025 година.

**5. Активности на градска Депонија**

Градската депонија која се наоѓа на само 2 км од градот Радовиш со лош пристапен пат и во 2025 година ќе се одржувана редовно.

Мора да констатираме дека депонирањето на количина отпад на гратската депонија од страна на ЈП Плаваја Радовиш во годинините назад е драстично зголемена. Причина за зголемувањето на депонираниот отпад е организираното собирање на комунален отпад на целата територија во општина Радовиш како и зголемените активности во чистење на диви депонии и организираното собирање на кабаст и друг вид отпад од населението кој го реализираме со еден трактор 5 (пет) дена во неделата.Оваа активност е планирана да спроведува и во 2025 година со што се очекува да се намали создавањето на нови и зголемувањето на постоечките диви депонии.Во периодот од март 2019 година па се до 12.12.2024 година на територијата на градската депонија не е забележан пожар. Грижата и ангажманот во 2025 година ќе продолжи со редовно одржување и навремена интервенција да се спречат појавите на опожарувања со што ке покажеме дека се грижиме за зачувување на животната средина особено загадувањето на воздухот.

За редовно одржување на градската депонија ЈП Плаваја има распишано јавна набавка за обезбедување на булдужер со задача планирање и третирање на депонираниот комунален отпад на градската депонија. Голем проблем претставува депонирањето на отпад од страна на несовесни граѓани кој истиот го депонираат покрај патот што води до самата депонија. Планирано е во 2025 година да се изврши чистење на просторот покрај патот до депонијата.

6. **Чистење на диви депонии**

Физичкиот обем на работите и локалитетите на дивите депонии се определуваат според согледувањето на терен од страна на секторот за урбанизам и комунални работи при ЕЛС. При расчистување на дивите депонии ќе се користат товарни возила и градежни машини (камион, трактор и утоварувач ).Од искуството од минатите години за расчистување и траснспортирање на отпадот до гратската депонија предвидуваме повеке работни часа на механизација.

➢ **<u>Планирани активности за 2025 година во секторот за технички работи</u>**

Од страна на секторот за технички работи за 2025 година покрај тековното работење, имајќи во предвид дека дел од возниот парк е доста амортизиран се планирани следниве активности:

I. **Во делот на машинското одржување планирано е:**.

1. Ремонт на еден од тракторите за собирање на смет, Трактор IMT 539.
2. Репарација на булдожер

II. **Во делот на доопремување-подобрување на возниот парк планирано е:**

1. Набавка на Трактор
2. Набавка на тракторска приколка
3. Набавка на специјално возило за собирање на смет од 15 м$^3$.
4. Набавка на автоцистерна од 6 м$^3$ за перење и дезинфекција на коловози.
5. Набавка на специјално возило со телескопска корпа за работана висина

III. **Во делот на градежното одделение** покрај тековните активности за санација на прекопи поради дефеци или замена на нови линии, подигање на шахти, изработка на шахти се планираат и други активности:

1. Оградување на бунари
2. Планирање и бетонирање на парцели на гробиштата
3. Оградување на Градски гробишта
4. Изградба на пристапни патеки и потпорни зидови на гробиштата

5. Работни активности во одржување и санација на објекти од стопанскиот круг

6. Санација на резервоар Чам Баир и резервоар Подареш.

Секторот за технички работи секојдневно ке ја следи потрошувачката на гориво, масло и мазива за сите моторни возила како и траекторијата на движењето и изминатите километри или работни часови како и управувањето со возилата преку инсталираниот ГПС систем и ке води грижа за намалување на потрошувачката на гориво.

**IV. Планирани активности за 2025 година во оделението за Паркинзи**

Оделението за паркинзи покрај своите редовни активности за контрола на паркирање на возила на јавни површини наменети за паркирање, ке вршат и редовно одржување на хоризонталната и вертикална сигнализација на коловозите и паркиралиштата според програмата донесена од советот на општина Радовиш.

- **Планирани активности за 2025 година во секторот за прочистување на урбани отпадни води**

На Прочистителната станица за отпадни води во 2025 година се планирани да се изведуваат само тековни активности во редовно одржување на опремата по препораките на производителите, како и објектите за нормална работа на пречистителната станица. Во 2025 година се планира да се проектира фото напонска електрична центала или гасна централа за која ке се барат средства за нејзина изградба од страна на надворешни донатори. Со оваа централа за производство на електрична енергија ке се овозможи значително да се намалат средствата наменети за потрошена електрична енергија и со тоа ке се остварат заштеди кој што ке влијаат на конечната цена за прочистување на отпадните води.Покрај инвестицијата во фотонапонска или гасна електрична централа во 2025 година се планира да се инвестира во нов пумпен агрегат за инлет комората кој ке биде со пооптимални перформанси и тоа со помала електрична снага а поголем капацитет на испумпување со што ке се овозможи работен режим со една пумпа и со тоа ке се заштедат значителни средства со намалување на потрошувачката на ел енергија. Во 2025 година се планира да биде прифатена 1.500,000 $м^3$ фекална вода и во реципиентот Радовишка река се планира да се испушти 1.100,000 $м^3$ прочистена вода и обработи над 3.500 $м^3$ мил (тиња). Во 2025 година се планира е да се пополнат испразнетите места со стручен технички кадар за редовно оперирање и одржување на пречистителната станица за отпадни води.

- **Планирани активности за 2025 година во Секторот за општи правни работи и човечки ресурси**

Секторот за општи, правни работи и човечки ресурси при ЈП Плаваја Радовиш е составен од три одделенија и тоа:

- Одделение за Правни работи и застапување

- ❖ Одделение за Општи работи
- ❖ Одделение за човечки ресурси

Вработените во Секторот за општи правни работи и човечки ресурси ке вршат следење, толкување и примена на законските прописи поврзани со дејностита и работењето на ЈП, изготвување и спроведување на статут, правилници , одлуки , договори , потврди, извештаи, писма и други акти за кореспонденција, поднесување на сите видови на тужби за физички и правни лица, приговори, жалби, барања за извршување, како и застапување на ЈП пред судовите, комплетирање на судски предмети и водење на евиденција, изготвување на материјали за седници на Управен Одбор, постапки за засновање и престанок на работни односи, решенија кои ги донесува директорот во врска со работниот однос, безбедност и здравје на работниците, физичко обезбедување на објекти и основни сретства, достава и прием на пошта, архивско работење, одржување на хигиена на деловни и работни простории.

➢ **<u>Планирани активности за 2025 година во Секторот за контрола на корисници</u>**

Секторот за контрола на корисници е составен од две одделенија и тоа:

- ❖ Одделение за изготвување и дистрибуција на сметки
- ❖ Одделение за информатички технологии

Вработените во Секторор за контрола на корисници редовно ќе ги извршуваат следните активности и тоа:

- Врши контрола и евиденција на новите и постојаните корисници, води сметка за издавање и корекција на сметки за извршените комунални услуги на ЈП,
- се грижи за редовно читање на водомерите на корисниците преку непосредно и далечинско читање,
- ја евидентира потрошувачката на вода во системот на податоци и ги изготвува билансите за неприходована вода,
- ги евидентира сите изливни места, врши верификација на водомерите,
- се грижи за правилно работење на компјутерскиот систем со кој работи ЈП,
- ги подготвува извештаите и помага во обезбедувањето на сите статистички податоци за работата на претпријатието,
- ги пополнува индикаторите за успешност на претпријатието.
- се грижи за навремено и точно издавање на сметките за искористените услуги кои ги дава ЈП,

- врши информирање на корисниците за сите работи кои се однесуваат на издадените сметки,
- се грижи за редовно информирање на корисниците за нивните права и обврски согласно процедурите на претпријатието и законската регулатива,
- води сметка за редовно и точно читање на водомерите и точно внесување на податоците за прочитаните податоци во системот,
- се грижи за одржувањето на водомерите на корисниците,
- дава техничка поддршка на компјутерските системи на ЈП Плаваја Радовиш преку одржување, поврзување, надградување;
- Обезбедува негово непречено функционирање (по барање и во согласност со раководителите на секторите).
- Врши активности за изградба на единствен хардверски и софтверски систем на ниво ЈП со компјутеризација на сите оддели и поврзување на различните софтверски апликации.
- Припрема спецификации на функционалности за нови софтверски решенија (по барање на раководителите на сектори и менаџментот) и учествува во набавката, инсталирањето и обуката за нови хардверски и софтверски решенија.
- Ја администрира web страната на претпријатието и навремено ги објавува на социјалните мрежи сите известувања за работата на претпријатието,
- раководи, дополнува, администрира и ја чува согласно законските регулативи базата на податоци на претпријатието.
- 

- **<u>Планирани активности за 2025 година во Секторот за финансии, сметководство и комерција</u>**

Секторот за финансии, сметководство и комерција при ЈП Плаваја Радовиш е составен од три одделенија и тоа:

- Одделение за сметководство
- Одделение за финансии
- Одделение за јавни набавки

Вработените во Секторот за финансии, сметководство и комерција редовно ке ги извршуваат следните активности и тоа:

- Ажурно водење на целокупното материјално и финансиско работење согласно Законите за сметководство и Меѓународно – сметководствените стандарди.
- Се грижи за навремено доставување на финансиските докуменити од одделението за јавни набавки, материјалната евиденција во магацинот, изводводите за состојба на паричните средства во деловните банки.
- Ја подготвува финансиска документација и ја ажурира по хронолошки ред.
- Изготвува секојдневни касови извештаи, евидентирање на благајничкото работење и ажурирање.
- Врши месечни пресметки на плати , исплата на придонеси и персонален данок.
- Изготвува месечни пресметки на данок на додадена вредност.
- Изготвува тромесечни полугодишни и годишни финансиски извештаи.
- Врши книговодствено усогласување со комитенти .
- Ја следи финансиската состојба и врши исплата на обврските према добавувачите.
- Изготвува годишен план за јавни набавки и објавува огласи за јавни набавки.
- Врши набавка на материјали, опрема и услуги за потребите на секторите за нормално функционирање на претпријатието.
- Ја следи реализацијата на договорите за јавни набавки.
- Изготвува финансов план за работење на ЈП Плаваја за наредната година и го следи неговото извршување.

**Во табелата што следува се прикажани планираните Приходи и Расходи за нормално работење на ЈП Плаваја за 2024 година:**

- **ФИНАНСОВ ПЛАН ЗА 2025 година**

**РАСХОДИ**

Трошоци за материјали

| Ред.бр. | Видови на трошоци | ЈП Плаваја |
|---|---|---|
| 1.1 | Потрошени материјали и резервни делови | 5,300,000.00 |
| 1.2 | Потрошена електрична енергија | 13,000,000.00 |
| 1.3 | Потрошено Гориво и мазиво | 3,600,000.00 |
| 1.4 | Трошоци за вода и смет | 300,000.00 |
| 1. | **ВКУПНО:** | **22,200,000.00** |

| Ред.бр. | Видови на трошоци | ЈП Плаваја |
|---|---|---|
| 2.1 | Транспортни услуги | 0.00 |
| 2.2 | Теле.услуги (мобилни) | 500,000.00 |
| 2.3 | Теле.услуги (фиксни) | 80,000.00 |
| 2.4 | Поштарина | 100,000.00 |
| 2.5 | Инвестициони одржувања | 0.00 |
| 2.6 | Услуги за прекоп и чистење депонија | |
| 2.7 | Услуги по договор за дело одр. | 0.00 |
| 2.8 | Трошоци за УО | 450,000.00 |
| 2.9 | Трошоци за закуп | |
| 2.10 | Услуго за зонско паркирање | 850,000.00 |
| 2.11 | Услуги за санитар. контрола на вода од ЗЗЗ Штип | 900,000.00 |
| 2.12 | Други услуги | 450,000.00 |
| 2.13 | Услуги за регистрација на возила | 300,000.00 |
| 2.14 | Услуги за поправка и одржување на возила | 500,000.00 |
| 2.15 | Адв. Нотар. и Извршни услуги | 700,000.00 |
| 2.16 | Членарини на здруженија | 95,000.00 |
| 2.17 | Здравствени услуги | 120,000.00 |
| 2.18 | Трошоци за Семин. и стру. литература | 145,000.00 |
| 2.19 | Интелектуални услуги | 70,000.00 |
| 2.20 | Трошоци за јавни набавки | 200,000.00 |
| 2. | **ВКУПНО:** | **5,460,000.00** |

**Други трошоци**

| Ред.бр. | Видови на трошоци | ЈП Плаваја |
|---|---|---|
| 3.1 | Регрес за годишен одмор | 1,900,000.00 |
| 3.2 | Дневници за службен пат | 150,000.00 |
| 3.3 | Надоместок на трошоци за службен пат | 55,000.00 |
| 3.4 | Отпремнина за пензија | 350,000.00 |
| 3.5 | Помош на семејства | 0.00 |
| 3.6 | Премии за осигурување | |
| 3.7 | Трошоци за банкарски провизии | 600,000.00 |
| 3.8 | Трошоци за промоција пропаганда и реклама | 0.00 |
| 3.9 | Трошоци за репрезентација | 150,000.00 |
| 3.10 | Трош.за репразентација бифе | 50,000.00 |
| 3.11 | Судски такси, финанс.резер. | 200,000.00 |
| 3.12 | Казни,пенали,штети | 100,000.00 |
| 3.13 | Спонзорст.за спорт и реклама | 100,000.00 |
| 3.14 | Камати | 2,200,000.00 |
| 3.15 | Вред. усогл на кратк. побар. | |
| 3.16 | Сомнителни и спор.побар | 500,000.00 |
| 3.17 | Др.нематеријални трошоци | 0.00 |
| 3.18 | Др.немат.Тро.- сечење на дрва | |
| 3.19 | Трошоци за РД такса | 0.00 |

| | | |
|---|---|---|
| 3.20 | Дополнителни утврдени трошоци по решение | 0.00 |
| 3.21 | Погребални трошоци за сандаци и венци | 0.00 |
| 3.22 | Дополнителни утврдени трошоци по решение | 0.00 |
| 3.23 | Трошоци за одржување на софтвер | 200,000.00 |
| 3.24 | Трошоци за фонд за води | 0.00 |
| 3.25 | Трошоци за комисија за енергетика | 125,000.00 |
| 3. | **Вкупно:** | **6,680,000.00** |

| **Ред.бр.** | **Видови на трошоци** | **ЈП Плаваја** |
|---|---|---|
| 4.1 | Набавна вредност | 0.00 |
| 4.2 | Амортизација (просек од лани) | 28,338,337.00 |
| 4.3 | Бруто плата | 58,000,000.00 |
| 4.4 | Бруто Плата АПВ | 11,000,000.00 |
| 4. | **Вкупно:** | **97,338,337.00** |

| | | |
|---|---|---|
| 5=1+2+3+4 | **Вкупно трошоци:** | **131,678,337.00** |

**ПРИХОДИ**

| **Ред.бр.** | **Видови на приходи** | **ЈП Плаваја** |
|---|---|---|
| **6.1** | Приходи од продажба на вода | 42,359,000.00 |
| **6.2** | Такса за приклучок на вода | 300,000.00 |
| **6.3** | Приходи од приклучок на канализациона мрежа | 100,000.00 |
| **6.4** | Приходи од канализација | 7,954,258.00 |
| **6.5** | Приходи од нелегални приклучоци | 100,000.00 |
| **6.6** | Приходи од водоин. услуги | 250,000.00 |
| **6.7** | Приходи од замена на водомери | 65,000.00 |
| **6.8** | Приходи од закупнини | |
| **6.9** | Птиходи од напл. отпиш. побарувања | 0.00 |
| **6.10** | Приходи од отпис на обврски | 0.00 |
| **6.11** | Приходи од камати | 1,050,000.00 |
| **6.12** | Приходи од донации | |
| **6.13** | Вонредни приходи | |
| **6.14** | Приходи од минати години | |
| **6.15** | Приходи од тужби судски трошоци | 950,000.00 |
| **6.16** | Приходи од наплата на штети | |
| **6.17** | Приходи од смет | 21,527,562.00 |
| **6.18** | Приходи од комунален придонес домаќинства | 0.00 |

| | | |
|---|---|---|
| 6.28 | Приходи од пазар | |
| 6.29 | Такса за јавна чистота | 0.00 |
| 6.30 | Приходи од амортизација на гранит | 25,463,735.00 |
| 6.31 | Други приходи од вработени | 0.00 |
| 6.32 | Приходи од погребална опрена | 0.00 |
| 6.33 | Приходи од паркови и зеленило | 4,500,000.00 |
| 6.34 | Приходи од фонд за води | 0.00 |
| 6.35 | Приходи од продажба на материјали | 0.00 |
| 6.36 | Приходи од донации дадени во опрема | |
| 6.37 | Приходи од јавна чистота по програма | 4,500,000.00 |
| 6.38 | Вонредни приходи нотарска награда | 350,000.00 |
| 6.39 | Вонредни приходи нотарски трошок | 150,000.00 |
| 6.40 | Приходи од прочистување отпадни води | 12,500,000.00 |
| 6.41 | Приходи од резервација на паркинг места | 1,619,490.00 |
| 6.42 | Приходи од непрописно паркирање | 350,000.00 |
| 6.43 | Приходи од паркинг по СМС пораки | 2,200,000.00 |
| 6.44 | Приходи од паркинг од грепки | 389,292.00 |
| 6. | **ВКУПНО:** | 131,678,337.00 |
| | | |

| | | |
|---|---|---|
| 6. | **Вкупни приходи** | **131,678,337.00** |
| 5. | **Вкупни трошоци** | **131,678,337.00** |
| 6-5 | Добивка / Загуба | **0.00** |

Програмата влегува во сила од денот објавувањето во "Службен гласник на општина Радовиш".

Број 08-176/2
Дата 31.01.2025 година
Радовиш

Совет на општина Радовиш
Претседател
Страхил Гаврилов

ПЛАВАЈА п.о.
Бр. 0202-876/5
24.12.2024 год.
Радовиш

Врз основа на член 19 од Законот за јавните претпријатија (Сл. весник на РМ број 6/2002, 40/2003, 49/2006, 22/2007, 83/2009, 97/2010, 6/2012, 119/2013, 41/2014, 138/2014, 25/2015, 61/2015 и 39/2016) и член 15 од Статутот на ЈП Плавaja Радовиш, Управниот одбор на седницата одржана на ден 27.12.2024 год ја донесе следната

**О Д Л У К А**
**За прифаќање на Програмата за работа со финансов план на ЈП Плавaja Радовиш за 2025 година**

Член 1

Се прифаќа Програмата за работа со финансов план на ЈП Плавaja Радовиш за 2025 година.

Член 2

Одлуката стапува во сила со денот на донесувањето.

Член 3

Одлуката и Програмата за работа со финансов план на ЈП Плавaja Радовиш за 2025 година да се достават до Советот на општина Радовиш.

ЈП Плавaja - Радовиш
Управен одбор
Претседател

Наце Димитријев

Јавно претпријатие за комунални дејности

ЈП.-ПЛАВАЈА- Радовиш

| Примено: | 10.02.2025 | | |
|---|---|---|---|
| Орг. един. | Број | Предлог | Вредност |
| 0201 | 140/1 | | |

Врз основа на член 36 од Законот за локална самоуправа (Сл.весник на РМ бр.5/2002) а согласно член 21 став 1 точка 29 од Статутот на општина Радовиш,

Советот на општина Радовиш на LXII седница одржана на 31.01.2025 година, донесе:

# О Д Л У К А

## за усвојување на Програма за работата со Финансов план на ЈПКД Плаваја Радовиш за 2025 година

I. Се усвојува Програма за работата со Финансов план на ЈПКД Плаваја Радовиш за 2025 година.

II. Оваа Одлука стапува на сила од денот на објавување во „Службен гласник на општина Радовиш„ .

Број 08-176/1
Дата 31.01.2025 година
Радовиш

Совет на општина Радовиш
Претседател
Страхил Гавритов